CIVICA MOBILITAS

# ДОВЕРБА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

## 2024

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# ДОВЕРБА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО 2024


## Издавач

Македонски центар за меѓународна соработка

## За издавачот

Александар Кржаловски, Директор



## Автор

Фанија Ивановска



ISBN 978-608-4848-62-2

Скопје, февруари 2025 г.



## Контакт

МЦМС

| | |
|---|---|
| адреса: | ул. Никола Парапунов бр. 41а; поштенски фах 55, 1060 Скопје; |
| Тел. | +389 76 365 381; |
| е-пошта: | mcms@mcms.mk |
| Веб-страница: | https://www.mcms.mk |
| SlideShare: | https://www.slideshare.net/mcms_mk |
| Facebook: | https://www.facebook.com/mcms.mk |

Цивика мобилитас

| | |
|---|---|
| е-пошта: | helpdesk@civicamobilitas.mk |
| веб-страница: | https://www.civicamobilitas.mk/ |
| Facebook: | https://www.facebook.com/civicamobilitas/ |



Извештајот е подготвен и објавен во рамките на Цивика мобилитас, проект на Швајцарската влада, кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторот и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, Владата на Швајцарија или организациите што ја спроведуваат.



Сите права се задржани, репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на публикацијата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин и без наплата за едукативни намени, со назначување на изворот (види начин на референцирање на крајот од публикацијата). За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

# Содржина

Вовед ........ 4

Термини и дефиниции ........ 4

Методологија и пристап ........ 4

Прашалник ........ 4

Примерок ........ 4

Обработка и прикажување на резултатите ........ 5

Иднекси ........ 6

Клучни наоди ........ 7

Доверба во граѓанското општество ........ 7

Доверба во чинителите на граѓанското општество ........ 7

Ставови за граѓанските организации ........ 7

Граѓанските организации и политичките партии ........ 7

Доверба во граѓанските организации по под-сектори на делување ........ 7

Доверба во граѓанските организации од македонската дијаспора ........ 8

Доверба во граѓанското општество ........ 9

Доверба во чинителите на граѓанското општество ........ 9

Ставови за граѓанските организации ........ 11

Граѓанските организации и политичките партии ........ 20

Доверба во граѓанските организации по под-сектори на делување ........ 22

Доверба во граѓанските организации од македонската дијаспора ........ 25

Прилог 1 Прашалник ........ 27

Доверба во граѓанското општество ........ 27

Прилог 2. Структура на примерок ........ 29

# Вовед

Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „Довербата во институциите и во граѓанското општество во Република Македонија", кои се однесуваат на граѓанското општество[1], а која беше спроведена по десетти пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија[2]. Целта на истражувањето беше да се испита довербата на граѓаните во институциите и во граѓанското општество.

# Термини и дефиниции

Во македонската јавност и во стручните кругови не постои взаемно разбирање на концептот (дефиницијата) на граѓанското општество. Во овој извештај е употребена дефиницијата од Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2009). Оваа дефиниција гласи „Граѓанското општество е дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси".

Според оваа дефиниција, во граѓанското општество се опфатени здруженијата и фондациите, стопанските комори, организациите на работодавачите, синдикатите, политичките партии и верските заедници.

# Методологија и пристап

Истражувањето е спроведено со теренска анкета на национален репрезентативен примерок од 1000 испитаници во периодот од 20 април до 25 мај 2024 година.

## Прашалник

Прашањата се подготвени од работна група во МЦМС, а за исполнување на целите на истражувањето, со прашалникот беа опфатени следните варијабли:

- Доверба во граѓанското општество;
- Доверба во граѓанските организации;
- Познавање и мислење за граѓански организации во Македонија;
- Социодемографски карактеристики.

## Примерок

Анкетата беше спроведена на репрезентативен примерок од 1000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони.

Од 1.000 испитаници, 50,7% беа жени, а 49,3% мажи. Во однос на етничката застапеност етничките Македонци беа застапени со 73,4%, етничките Албанци со 19,5%, другите етнички групи беа застапени со 7,1%. Во однос на местото на живеење, селската популација беше застапена со 38,0%, додека градската со 62,0%. Целосен преглед на примерокот е даден во прилогот.

---

[1] Извештајот за довербата во луѓето и институциите е објавен посебно и може да се најде на: https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2648-opshta-doverba-i-doverba-vo-instituciite-2024.html

[2] Претходните извештаи може да се најдат на: https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

## Обработка и прикажување на резултатите

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Податоците се со ниво на доверба од 95% и со грешка од +/- 3%. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок. Освен со графикони, податоците се прикажани и во бројки. Исто така се прикажани покрај бројките и трендовите во однос на претходното истражување спроведено во 2021 година, за оние податоци кои се споредливи со нив. Исто така за подобрување на анализата на податоците се употребени одредени индекси.

Легендата на симболите е следна:

<table>
<tr><td>↔</td><td>без или незначителни промени</td><td rowspan="7">Без или незначителни промени = 0–3 процентни поени<br>Мали промени = 3,01–5 процентни поени<br>Умерени промени = 5,01–10 процентни поени<br>Големи промени = над 10 процентни поени</td></tr>
<tr><td>↑</td><td>мало зголемување</td></tr>
<tr><td>↓</td><td>мало опаѓање</td></tr>
<tr><td>↑↑</td><td>умерено зголемување</td></tr>
<tr><td>↓↓</td><td>умерено опаѓање</td></tr>
<tr><td>↑↑↑</td><td>големо зголемување</td></tr>
<tr><td>↓↓↓</td><td>големо опаѓање</td></tr>
</table>

За подобрување на употребната вредност на извештајот и можноста за анализа и споредба употребени се и индекси (показатели).

Во извештајот, незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10 % од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од 70 %.

Во извештајот не се коментирани социо-демографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок.

Во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100%. Тоа е направено за потребите на поедноставно прикажување на резултатите.

# Иднекси

| Доверба во граѓански сектор | 2024 | 2024-2021 | | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Граѓански организации (невладини, здруженија и фондации) | 38,4 | ↓↓ | -9,9 | 48,3 | 43,0 | 50,5 | 50,5 | 59,3 |
| Цркви и верски заедници | 70,8 | ↑↑ | 8,0 | 62,8 | 51,2 | 57,9 | 57,9 | 66,9 |
| Синдикати | 41,4 | ↓↓ | -7,4 | 48,8 | 21,9 | 35,3 | 35,3 | 35,9 |
| Стопански комори | 35,0 | ↓↓↓ | -15,0 | 50 | 25,8 | 35,9 | 35,9 | 36,8 |
| Организации на работодавачи | 30,0 | ↓↓↓ | -17,4 | 47,4 | 25,3 | 36,5 | 36,5 | 35,6 |
| Неформални групи (здружувања на граѓани) | 41,7 | ↓↓ | -7,4 | 49,1 | 40,2 | 40,6 | 40,6 | - |
| **Индекс во доверба во организации од граѓанскиот сектор** | **42,9** | **↓↓** | **-8,2** | **51,1** | **34,6** | **37,2** | **42,8** | **46,9** |



# Клучни наоди

## Доверба во граѓанското општество

Во 2024 година, индексот на доверба во граѓанскиот сектор изнесува 42,9%, што претставува пад од 8,2 процентни поени во однос на 2021 година. По претходниот тренд на зголемување, довербата повторно е вратена на ниво под она од 2015 и 2013 година, укажувајќи на намалена доверба во граѓанскиот сектор.

## Доверба во чинителите на граѓанското општество

Довербата во граѓанските организации (38,4%) е особено изразена кај младите од 18 до 29 години (51,8%) и етничките Албанци (45,6%), додека најниска е кај лицата над 65 години (18,6%) и во Скопскиот регион (25,2%). Црквите и верските заедници уживаат највисоко ниво на доверба (70,8%), а довербата во другите чинители на граѓанското општество е значително пониска и варира– од 41,7% кај неформалните групи до 30,0% кај организациите на работодавачи.

## Ставови за граѓанските организации

Секој четврти испитаник (25,1%) ги препознава граѓанските организации како чинители што работат за јавен и/или поширок интерес. Спротивниот став – дека организациите дејствуваат за остварување на лични интереси на поединци го имаат 60,4% од испитаниците, што е зголемување од 16,0 пп од 2021 година.

Мнозинство од испитаниците (58,3%) сметаат дека граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации со цел да им служат на странските интереси, што претставува зголемување од 14,0 пп во однос на 2021 година. Истовремено, 24,2% веруваат дека организациите се формирани од граѓаните за остварување на заедничко општо добро.

Испитаниците имаат поделени ставови и во однос на улогата и придонесот на граѓанските организации во општеството, при што највисока поддршка е забележана за нивното влијание врз креирањето на јавните политики (45,1%) и општественото влијание воопшто (44,8%). Сепак, мнозинството граѓани не ја препознаваат активната улога на организациите во конкретни области – над половина не се согласуваат дека тие придонесуваат во информирање, едукација или обезбедување услуги, а најмалку препознавање постои за нивниот придонес во задоволување на итни општествени потреби.

## Граѓанските организации и политичките партии

Перцепцијата на граѓаните за односот меѓу политичките партии и граѓанските организации е доминантно критичка – 49,5% од испитаниците сметаат дека партиите ги присвојуваат ставовите на организациите кога им одговараат на нивните интереси, 33,4% веруваат дека партиите основаат организации кои ги користат како свои гласноговорници, додека само 6,9% сметаат дека ги почитуваат и ги вклучуваат во процесите на одлучување.

## Доверба во граѓанските организации по под-сектори на делување

Довербата во граѓанските организации значително варира според тематските области на делување – највисока е кај организациите активни во областа на жените и родовата еднаквост (46,5%), социјалната грижа и хуманитарните активности (44,1%) и образованието и истражувањето (43,0%), додека најниска е кај организациите кои работат на демократија и владеење на правото (27,2%) и меѓуетнички односи (29,3%).

Во споредба со податоците од 2021 година, довербата во граѓанските организации бележи опаѓање во сите тематски области. Најголем пад е забележан во областа на демократијата и владеењето на правото, каде што довербата се намалила од 48,1% на 27,2%, што е најниско ниво во изминатата деценија.

## Доверба во граѓанските организации од македонската дијаспора

Целосна или делумна доверба во граѓанските организации од македонската дијаспора изразиле само една четвртина од испитаниците (25,0%), 45,2% одговориле дека немаат доверба во вакви организации, а речиси една третина (29,8%) не знаат или одбиле да одговорат на прашањето.

## Доверба во граѓанското општество

Во 2024 година, **индексот на доверба во граѓанскиот сектор изнесува 42,9%**, што претставува пад од 8,2 пп во однос на 2021 година. По трендот на зголемување на довербата, забележан во 2021 година, кога индексот достигна 51,1%, повторно се забележува пад, односно тој е вратен на нивоа под оние од 2015 и 2013 година, кога изнесувал 42,8% и 46,9% соодветно.

Во овој дел од извештајот се врши подетален преглед на довербата во граѓанското општество, како и на ставовите на граѓаните за специфични прашања поврзани со граѓанските организации.

### Доверба во чинителите на граѓанското општество

Довербата во различните граѓански и неформални организации покажува значителни разлики (графикон 1). Највисоко ниво на доверба уживаат црквите и верските заедници, за кои големо мнозинство од 70,8% изразиле целосна или делумна доверба, додека 28,0% изразиле недоверба. Од останатите категории, неформалните групи (41,7%) и синдикатите (41,4%) имаат повисока доверба во споредба со стопанските комори (35,0%) и организациите на работодавачи (30,0%), кои бележат пониски вредности. Граѓанските организации (38,4%) се на слично ниво како синдикатите. Најголема недоверба е забележана кон организациите на работодавачи (59,6%), што укажува дека мнозинство од граѓаните имаат ниска доверба за нивната улога во општеството.

*Графикон 1: Доверба во различните чинители на граѓанското општество (%)*




Довербата во различните чинители на граѓанското општество бележи значителни промени во периодот од 2021 до 2024 година, при што кај повеќето организации се забележува тренд на опаѓање, додека верските заедници остануваат исклучок со зголемено ниво на доверба (табела 1). Довербата во црквите и верските заедници бележи пораст од 8,0 пп, од 62,8% во 2021 на 70,8% во 2024 година, што ги позиционира како чинител на граѓанскиот сектор со највисоко ниво на доверба меѓу испитаниците.

Довербата во организациите на работодавачи бележи најголем пад, намалувајќи се за 17,4 пп (од 47,4% во 2021 на 30,0% во 2024). Значителен пад може да се забележи и кај стопанските

комори, каде довербата е намалена за 15,0 пп (од 50,0% на 35,0%). Кај граѓанските организации (невладини, здруженија и фондации) исто така може да се забележи намалување од 9,9 пп, од 48,3% во 2021 на 38,4% во 2024 година.

Покрај значителниот пад кај организациите на работодавачи, стопанските комори и граѓанските организации, намалување на довербата може да се забележи и кај синдикатите, каде довербата се намалила за 6,5 пп (од 48,8% во 2021 на 41,4% во 2024). Сличен тренд е присутен и кај неформалните групи (здружувања на граѓани), каде довербата е намалена од 49,1% на 41,7% (пад од 7,4 пп).

*Табела 1: Споредба на довербата во чинители на граѓанското општество 2024-2021 (%)*

| Чинители на граѓанското општество | Целосна/ делумна доверба | |
|---|---|---|
| | 2024 | 2021 |
| Граѓански организации | 38,4 | 48,3 |
| Цркви и верски заедници | 70,8 | 62,8 |
| Синдикати | 41,4 | 48,8 |
| Стопански комори | 35,0 | 50,0 |
| Организации на работодавачи | 30,0 | 47,4 |
| Неформални групи | 41,7 | 49,1 |

Демографските карактеристики значително влијаат врз довербата во чинителите на граѓанското општество, при што се забележуваат разлики според возраста, етничката припадност и регионот. Довербата е највисока кај младите од 18 до 29 години (51,8%) и постепено опаѓа со зголемување на возраста – 30-39 години (46,2%), 40-49 години (40,0%), 50-64 години (38,4%), достигнувајќи најниско ниво кај испитаниците на возраст од 65+ години (18,6%). Во однос на етничката припадност, етничките Албанци изразуваат поголема доверба (вкупно 45,6%) во споредба со етничките Македонци (36,5%). Регионалните разлики се исто така значајни – највисоко ниво на доверба е забележано во Југоисточниот регион (67,5%) и Источниот регион (58,8%), додека најниско е во Скопскиот регион (25,2%).

Довербата во црквите и верските заедници достигнува големо мнозинство кај граѓаните, без значителни разлики кога се анализираат етничката припадност, возраста, полот и местото на живеење. Разлики може да се забележат на регионално ниво. Највисока доверба е во Југоисточниот регион (90,0%) и Вардарскиот регион (85,0%), каде големо мнозинство од граѓаните изразуваат целосна или делумна доверба. Од друга страна, најниско, но сè уште мнозинско ниво на доверба е забележано во Скопскиот (60,9%) и Источниот регион (60,0%), што укажува на регионални варијации, но генерално високо ниво на доверба низ целата земја.

*Табела 2: Највисока и најниска доверба во чинители на граѓанско општество по региони (%)*

| Степен на доверба | Највисока | | Најниска | |
|---|---|---|---|---|
| | Регион | % | Регион | % |
| Граѓански организации | Југоисточен | 67,5 | Скопски | 25,2 |
| Цркви и верски заедници | Југоисточен | 90,0 | Источен | 60,0 |
| Синдикати | Југоисточен | 67,5 | Вардарски | 15,0 |
| Стопански комори | Југоисточен | 60,0 | Североисточен | 17,5 |
| Организации на работодавачи | Југоисточен | 65,0 | Вардарски | 5,0 |
| Неформални групи | Југоисточен | 67,5 | Североисточен | 18,8 |

Довербата во синдикатите, стопанските комори и организациите на работодавачи варира во зависност од регионот и возраста на испитаниците, додека другите демографски карактеристики, како полот и етничката припадност и местото на живеење, не покажуваат

значајни разлики. Кај синдикатите, највисока доверба е забележана во Југоисточниот регион (67,5%), а најниска во Вардарскиот регион (15,0%). Во однос на возраста, довербата е најголема кај испитаниците од 40-49 години (49,8%), а најниска кај највозрасните (32,8%). Сличен тренд се забележува и кај стопанските комори, каде довербата останува на нивото на општиот просек, без значителни разлики во однос на гореспоменатите демографски карактеристики. Сепак, може да се забележат разлики во однос на регионот на живеење – највисока доверба е регистрирана во Југоисточниот (60,0%) и Југозападниот регион (58,0%), додека најниско ниво на доверба има во Североисточниот регион (17,5%). Кај организациите на работодавачи, исто така, не се забележуваат значителни разлики во поголемиот дел од демографските категории, но возраста и регионот имаат влијание. Кај помладите испитаници (18-29 години) довербата е значително повисока (36,1%) во споредба со испитаниците на возраст од 65+ години (19,6%). Регионално, највисока доверба има во Југоисточниот (65,0%) и Југозападниот регион (57,0%), додека најниско ниво е регистрирано во Вардарскиот регион (5,0%).

Слично како и кај другите чинители на граѓанското општество, довербата во неформалните групи (здружувања на граѓани) покажува разлики во однос на возраста и регионот на живеење. Кај помладите испитаници (18-29 години), довербата е највисока (50,6%), додека кај испитаниците на возраст од 50-64 години е значително пониска (34,3%). Регионалните разлики се исто така изразени. Највисока доверба е забележана во Југоисточниот (67,5%) и Југозападниот регион (59,0%), додека најниска е во Североисточниот регион (18,8%).

## Ставови за граѓанските организации

Како дел од ова истражување за довербата во граѓанското општество, анализирани се и податоци што овозможуваат подлабинско согледување на ставовите на граѓаните во врска со граѓанските организации и нивната улога во општеството. Резултатите покажуваат дека мнозинството испитаници (60,4%) сметаат дека граѓанските организации се основани и дејствуваат за остварување на лични интереси на поединци, што укажува на преовладувачка скептичност кон нивната улога во општеството (графикон 2). Од друга страна, една четвртина од граѓаните (25,1%) ги препознаваат граѓанските организации како чинители кои работат за јавен и/или поширок интерес.

*Графикон 2: Ставови за граѓанските организации – за општ или личен интерес (%)*



Во периодот од 2021 до 2024 година, се забележува зголемен скептицизам кон работата на граѓанските организации (табела 3). Делот од граѓаните кои сметаат дека тие дејствуваат за лични интереси на поединци е зголемен за 16,0 пп (од 44,4% во 2021 на 60,4% во 2024). Истовремено, процентот на оние кои ги гледаат како организации што работат за јавен интерес останува речиси непроменет (зголемување од 1,4 пп), додека уделот на испитаници кои рекле дека не знаат или не дале одговор е намален за 17,4 пп (од 31,9% во 2021 на 14,5% во 2024).

Во споредба со податоците од претходните години, резултатите од 2024 година покажуваат дека овој растечки скептицизам кон граѓанските организации не е изолиран тренд, туку дел од подолгорочна промена во јавното мислење. Во 2024 година, процентот на граѓаните кои сметаат дека организациите се основани и дејствуваат за лични интереси претставува највисока забележана вредност во споредба со сите претходни години, со оглед дека истиот став го споделувале 38,3% од испитаниците во 2018 година, а 42,6% во 2016 година.

Истовремено, процентот на граѓаните кои ги гледаат граѓанските организации како актери што работат во јавен интерес во 2024 година останува на ниско ниво, што е слично со 2021, но значително пониско во споредба со 2016 година (43,8%) и 2013 година (42,6%). Овие податоци укажуваат на тренд на постепено намалување на перцепцијата за граѓанските организации како фактори што работат во јавен интерес, додека негативната перцепција за нивната работа континуирано расте.

*Табела 3: Ставови за граѓанските организации (ГО) – за општ или личен интерес 2010-2024 (%)*

| ГО се основани и дејствуваат за да остваруваат: | 2024 | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ јавен интерес и/или поширок интерес | 25,1 | 23,7 | 27,3 | 43,8 | 33,8 | 42,6 | 23,8 |
| ↘ лични интереси на поединци | 60,4 | 44,4 | 38,3 | 42,6 | 36,4 | 44,1 | 55,9 |

Анализата на демографските разлики во перцепцијата за граѓанските организации покажува значајни варијации според возраста, етничката припадност, регионот на живеење и полот (табела 4).

Најмладите испитаници (18-29 години) и испитаниците на возраст од 30 до 39 години во поголем процент сметаат дека граѓанските организации се основани за јавен интерес (33,1% и 33,9% соодветно), додека кај најстарите испитаници (65+) овој став е малку застапен (12,7%). Истовремено, перцепцијата дека граѓанските организации служат за лични интереси е поизразена кај најстарите испитаници (76,5%) во споредба со најмладите (42,2%). Во однос на полот, може да се забележи дека жените во нешто поголем процент од мажите сметаат дека граѓанските организации се основани за јавен интерес (28,2% наспроти 21,9%), додека мажите почесто ги перципираат како средства за остварување лични интереси (64,9% наспроти 56,0%).

Во однос на етничката припадност, етничките Албанци во малку поголем процент веруваат во јавната функција на организациите (29,7%) во споредба со етничките Македонци (25,5%). Истовремено, ставот дека граѓанските организации се основани за остварување на лични интереси е позастапен кај етничките Македонци (62,8%) отколку кај етничките Албанци (51,8%).

*Табела 4: Ставови за граѓанските организации (ГО) по пол, етничка припадност и возраст (%)*

| ГО се основани и дејствуваат за да остваруваат: | Мажи | Жени | Етн. Мак. | Етн. Алб. | 18-29 год. | 30-39 год. | 40-49 год. | 50-64 год. | 65+ год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ јавен интерес и/или поширок интерес | 21,9 | 28,2 | 25,5 | 29,7 | 33,1 | 33,9 | 22,9 | 25,1 | 12,7 |
| ↘ на лични интереси на поединци | 64,9 | 56,0 | 62,8 | 51,8 | 42,2 | 53,2 | 62,0 | 63,6 | 76,5 |

Регионалните разлики во однос на перцепцијата на граѓаните за мотивите позади основањето и дејствување на граѓанските организации исто така се нагласени (табела 5). Во Источниот (67,5%) и Југозападниот регион (66,0%) доминира ставот дека граѓанските организации служат за лични интереси. Од друга страна, во споредба со останатите региони, во Југоисточниот регион (42,5%) процентот на испитаници што ги перципираат како актери во јавен интерес е највисок.

*Табела 5: Ставови за граѓанските организации (ГО) по региони (%)*

| ГО се основани и дејствуваат за да остваруваат: | Скоп. | Југо-ист. | Ист. | Севе-роист. | Вар-дар. | Југо-зап. | Поло. | Пела-го. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ јавен интерес и/или поширок интерес | 18,5 | 42,5 | 32,5 | 26,3 | 37,5 | 13,0 | 31,5 | 20,8 |
| ↘ на лични интереси на поединци | 61,5 | 42,5 | 67,5 | 65,0 | 55,0 | 66,0 | 49,2 | 72,5 |

Ставовите на граѓаните во однос на улогата и финансирањето на граѓанските организации се поделени (графикон 3). Мнозинство од испитаниците (58,3%) сметаат дека овие организации се организирани и финансирани од странски држави и нивните фондации со цел да им служат на странските интереси. Од друга страна, малцинство (24,2%) веруваат дека граѓанските организации се организирани од граѓаните за остварување на заедничко општо добро.

*Графикон 3: Перцепција за целите и финансирањето на граѓанските организации (%)*




Во споредба со претходните години, резултатите од 2024 година покажуваат значителен пораст на сомнеж кон независноста и целите на граѓанските организации (табела 6). Делот од испитаниците кои сметаат дека тие се организирани и финансирани од странски држави и нивните фондации за да им служат на странските интереси е зголемен за 14,0 пп (од 44,3% во 2021 на 58,3% во 2024). Ова претставува највисоко ниво на скептицизам во споредба со претходните години, со континуиран пораст од 2015 година, кога овој став го поддржувале 33,3% од испитаниците.

Истовремено, перцепцијата дека граѓанските организации се организирани од граѓаните за остварување на заедничко општо добро бележи значителен пад низ текот на годините. Во 2021 година, 26,3% од испитаниците го поддржувале овој став, додека во 2024 година нивниот удел

е намален на 24,2%. Овој тренд е уште поизразен во споредба со 2016 година, кога ова убедување го делеле 44,0% од испитаниците.

Овие резултати укажуваат на растечка недоверба во независноста и мотивите на граѓанските организации, со што перцепцијата за нив како структури под влијание на странски интереси станува доминантна.

*Табела 6: Перцепции за независноста и целите на граѓанските организации (ГО) 2010-2024 (%)*

| Ставови | 2024 | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГО се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро | 24,2 | 26,3 | 29,1 | 44,0 | 35,3 | 50,5 | 34,3 |
| ГО се организирани и финансирани од странски држави и нивните фондации само за да им служат ним, на странските интереси | 58,3 | 44,3 | 37,2 | 42,4 | 33,3 | 35,9 | 38,8 |

Демографските податоци откриваат значајни разлики во перцепцијата за граѓанските организации во зависност од полот, возраста, етничката припадност, местото на живеење и регионот (табела 7).

Кај жените, во поголем процент преовладува ставот дека граѓанските организации работат за јавен интерес (27,0%), во споредба со мажите (21,3%). Возраста е значаен фактор– кај најмладите (18-29 години), 33,7% сметаат дека организациите се формирани за остварување на општо добро, додека кај испитаниците на 65+ години овој процент е значително понизок (14,7%). Наспроти тоа, во најстарата возрасна група доминира мислењето дека тие работат за странски интереси (69,6%). Во однос на етничката припадност, ставот дека организациите работат за јавен интерес е почест кај етничките Албанци (21,0%) отколку кај етничките Македонци (25,7%), но разликите во перцепцијата дека тие работат за странски интереси се минимални.

Регионалните разлики се нагласени. Во Југозападниот регион (71,0%), Вардарскиот (65,0%) и Пелагонискиот регион (64,2%), доминира ставот дека граѓанските организации се формирани и финансирани од странски држави, додека во Југоисточниот регион (37,5%) овој став е значително помалку застапен. Истовремено, најголем процент на испитаници кои сметаат дека организациите работат за јавен интерес има во Југоисточниот (45,0%) и Североисточниот регион (36,3%). Разлики се забележуваат и во зависност од местото на живеење – ставот дека граѓанските организации работат за странски интереси е повисок кај испитаниците во руралните средини (64,7%) во споредба со урбаните (54,4%).

*Табела 7: Перцепции за независноста и целите на граѓанските организации (ГО) по пол, етничка припадност и возраст (%)*

| ГО се организирани: | Маш-ки | Жен-ски | Етн. Мак. | Етн. Алб. | 18-29 год. | 30-39 год. | 40-49 год. | 50-64 год. | 65+ год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро | 21,3 | 27,0 | 25,7 | 21,0% | 33,7 | 29,6 | 21,0 | 24,3 | 14,7 |
| ↘ и финансирани од странски држави и нивните фондации само за да им служат ним | 63,9 | 52,9 | 59,8 | 58,5% | 43,4 | 54,3 | 60,5 | 60,3 | 69,6 |

Перцепцијата за транспарентноста на граѓанските организации останува исто така предизвик, при што 64,0% од испитаниците сметаат дека тие дејствуваат нетранспарентно и не даваат јасен отчет за својата работа и финансии (графикон 4). Од друга страна, 26,9% од граѓаните ги гледаат организациите како транспарентни и отчетни во своето работење. Останатите 9,1% не можеле да дадат конкретен одговор или одбиле да одговорат. Овие податоци упатуваат на преовладувачко мислење дека граѓанските организации не обезбедуваат доволна транспарентност и отчетност.

*Графикон 4: Ставови за транспарентноста и отчетноста на граѓанските организации (%)*




Во споредба со 2021 година, перцепцијата за нетранспарентноста на граѓанските организации е зголемена за 16,1 пп, од 47,9% во 2021 на 64,0% во 2024 година (табела 8). Истовремено, процентот на испитаници кои сметаат дека организациите работат транспарентно останува речиси непроменет, со минимална разлика од 0,5 пп (од 26,4% во 2021 на 26,9% во 2024). Овој тренд укажува на значително зголемена недоверба во отчетноста на граѓанскиот сектор во последните три години.

Историските податоци покажуваат дека во 2013 година, граѓаните биле значително поделени– 33,3% сметале дека организациите се транспарентни, додека 44,2% ги перципирале како нетранспарентни. Со текот на годините, овој скептицизам се зголемил, со најголем пораст во 2024 година. Перцепцијата за транспарентност била на најниско ниво во 2015 година (20,9%), а таа година процентот на оние што сметаа дека организациите не даваат отчет (35,3%) бил речиси дупло понизок во споредба со 2024 година. Овие податоци укажуваат на пад на довербата во транспарентноста на граѓанските организации, со највисоко ниво на недоверба забележано во 2024 година.

*Табела 8: Ставови за транспарентноста и отчетноста на граѓанските организации за периодот 2013-2024 г. (%)*

| ГО дејствуваат: | 2024 | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 26,9 | 26,4 | 31,5 | 30,9 | 20,9 | 33,3 |
| ↘ дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 64,0 | 47,9 | 55,1 | 49,3 | 35,3 | 44,2 |

Перцепцијата за транспарентноста на граѓанските организации покажува значителни разлики во однос на полот, возраста, етничката припадност и регионот на живеење (табела 9). Жените во поголем процент (29,8%) од мажите (23,9%) сметаат дека граѓанските организации работат транспарентно, додека спротивниот став е позастапен кај мажите (68,8%) во споредба со жените (59,4%). Во однос на возраста, младите испитаници (18-29 години) најчесто сметаат дека организациите работат транспарентно (39,2%), додека најниско ниво на позитивна перцепција е забележано кај најстарите (65+ години), каде само 9,8% имаат ваков став. Истовремено, скептицизмот кон транспарентноста на организациите расте со возраста, достигнувајќи 77,0% кај испитаниците од 65+ години.

Кај етничката припадност, етничките Албанци во поголем процент (32,8%) веруваат дека организациите работат транспарентно во споредба со етничките Македонци (25,3%). Сепак, и кај двете групи доминира ставот дека организациите не се транспарентни, со повисока застапеност кај етничките Македонци (67,3%) отколку кај етничките Албанци (56,4%).

*Табела 9: Перцепција за транспарентноста и отчетноста на граѓанските организации според демографски карактеристики (%)*

| ГО дејствуваат: | Машки | Женски | Етн. Мак. | Етн. Алб. | 18-29 год. | 30-39 год. | 40-49 год. | 50-64 год. | 65+ год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ⇘ транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 23,9 | 29,8 | 25,3 | 32,8 | 39,2 | 31,2 | 28,3 | 28,5 | 9,8 |
| ⇘ дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 68,8 | 59,4 | 67,3 | 56,4 | 48,2 | 60,8 | 64,9 | 65,7 | 77,0 |

Регионално гледано, перцепцијата дека граѓанските организации се транспарентни е највисока во Југоисточниот (55,0%), Југозападниот (44,0%) и Источниот регион (43,8%) (табела 10). Од друга страна, најниско ниво на позитивна перцепција е регистрирано во Североисточниот и Пелагонискиот регион (17,5%). Сличен тренд има и во ставовите за нетранспарентност– највисоко ниво на скептицизам е присутно во Североисточниот и Вардарскиот регион (по 75,0%), додека најниско е во Југоисточниот регион (45,0%).

*Табела 10: Перцепција за транспарентноста и отчетноста на граѓанските организации според региони (%)*

| ГО дејствуваат: | Скоп. | Југо-Ист. | Ист. | Североист. | Вардар. | Југозап. | Поло. | Пелаго. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ⇘ транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 16,7 | 55,0 | 43,8 | 17,5 | 25,0 | 44,0 | 27,7 | 17,5 |
| ⇘ дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 67,9 | 45,0 | 53,8 | 75,0 | 75,0 | 51,0 | 60,0 | 73,3 |

Преку истражувањето беа анализирани и ставовите на испитаниците за улогата и влијанието на граѓанските организации во различни општествени аспекти, вклучувајќи креирање на јавни политики, обезбедување услуги, информирање на граѓаните и задоволување на итни општествени потреби.

Испитаниците имаат поделени ставови за улогата и придонесот на граѓанските организации во општеството. Највисока поддршка е забележана за нивното влијание во општеството креирањето на јавните политики, односно 45,1% од испитаниците се согласуваат со овој став, а сличен процент сметаат дека граѓанските организации имаат влијание во општеството (44,8%). Кога станува збор за конкретни активности, 36,4% од испитаниците се согласуваат дека

граѓанските организации придонесуваат во едукацијата и оспособувањето на граѓаните, а 34,5% сметаат дека тие се отворени и ги информираат граѓаните. Третина од нив сметаат дека граѓанските организации обезбедуваат услуги за општествени потреби како здравство, образование или домување (33,8%), додека најмал процент веруваат дека тие работат на задоволување на итните општествени потреби (30,1%).

Од друга страна, мнозинство од испитаниците не ја препознаваат улогата и придонесот на граѓанските организации во општеството. Најголем дел не се согласуваат дека граѓанските организации работат на итни општествени потреби (57,9%), а 57,3% не сметаат дека тие се отворени и информираат граѓаните. Исто така, 56,0% од испитаниците не гледаат дека граѓанските организации обезбедуваат услуги за образование, здравство и домување, додека 54,2% не сметаат дека организациите придонесуваат во едукацијата и оспособувањето на граѓаните.

*Графикон 5: Ставови за работата на граѓанските организации (ГО) (%)*




Во споредба со 2021 година, податоците од 2024 година покажуваат значителен пад на перципираната улога и влијание на граѓанските организации во различни општествени сфери (табела 11). Најголем пад е забележан во ставот дека граѓанските организации се отворени и ги информираат граѓаните, кој се намалил за 18,4 пп (од 52,9% во 2021 на 34,5% во 2024). Сличен пад е забележан кај ставот дека тие работат на задоволување на итните општествени потреби, каде процентот на согласност е намален за 17,8 пп (од 47,9% на 30,1 Перцепцијата дека граѓанските организации обезбедуваат услуги за општествени потреби како образование, здравство и домување е намалена за 14,6 пп (од 48,4% на 33,8%). Пад е забележан и кај ставот дека тие ги оспособуваат граѓаните преку едукација и обуки, каде поддршката опаднала за 12,8 пп (од 49,2% на 36,4%).

Иако се забележуваат падови кај другите аспекти, перцепцијата за влијанието на граѓанските организации во општеството и нивната улога во креирањето на јавни политики останува релативно стабилна – учеството на оние што сметаат дека имаат општествено влијание е намалено за 6,0 пп (од 50,8% на 44,8%), додека ставот за нивната улога во креирањето политики речиси не се променил.

*Табела 11: Перцепција за улогата и влијанието на граѓанските организации (2021-2024) (%)*

| Граѓанските организации: | 2024 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|
| | Се согласува | Не се согласува | Се согласува | Не се согласува |
| ↘ се отворени за граѓаните и ги информираат граѓаните | 34,5 | 57,3 | 52,9 | 43,9 |
| ↘ ги оспособуваат граѓаните (едукација и оспособување) | 36,4 | 54,2 | 49,2 | 47,5 |
| ↘ обезбедуваат услуги за општествени потреби | 33,8 | 56,0 | 48,4 | 47,2 |
| ↘ работат на задоволување на итните општествени потреби | 30,1 | 57,9 | 47,9 | 46,9 |
| ↘ имаат влијание во општеството | 44,8 | 43,0 | 50,8 | 44,1 |
| ↘ имаат влијание во креирањето на јавните политики | 45,1 | 43,0 | 48,0 | 45,8 |

Ставовите за улогата на граѓанските организации покажуваат разлики помеѓу мажите и жените, при што жените почесто изразуваат согласување со дадените изјави (табела 12). Најголема разлика е забележана кај ставот дека граѓанските организации ги оспособуваат граѓаните – со согласување од 41,0% кај жените, наспроти 31,6% кај мажите. Сличен тренд се забележува и кај ставот дека организациите се отворени за граѓаните и ги информираат – 38,5% од жените се согласуваат, наспроти 30,4% од мажите. Согласување со изјавата дека организациите обезбедуваат услуги за општествени потреби изразиле 37,7% од жените и 29,8% од мажите. И кај ставот дека организациите работат на задоволување на итните општествени потреби, жените изразуваат поголема согласност (33,5%) од мажите (26,6%). Овие разлики укажуваат на конзистентен тренд на поголема поддршка за улогата и влијанието на граѓанските организации кај жените.

Иако генерално ставовите на етничките Македонци и Албанци во однос на улогата на граѓанските организации се слични, во некои аспекти се забележуваат и позначајни разлики. Најголема е разликата кај ставот дека граѓанските организации имаат влијание во креирањето на јавните политики– со 47,5% од етничките Албанци кои се согласуваат со оваа изјава, наспроти 37,9% од етничките Македонци. Разликите упатуваат на повисоко ниво на согласување со јавната и општествена улога на граѓанските организации кај етничките Албанци.

*Табела 12: Перцепција улогата и влијанието на граѓанските организации според пол и етничка припадност (%)*

| Граѓанските организации: | согласност | Маш-ки | Жен-ски | Етн. Мак | Етн. Алб. |
|---|---|---|---|---|---|
| ↘ се отворени за граѓаните и ги информираат граѓаните | се согласуваат | 30,4 | 38,5 | 33,5 | 39,0 |
| | не се согласуваат | 63,3 | 51,5 | 59,1 | 52,8 |
| ↘ ги оспособуваат граѓаните (едукација и оспособување) | се согласуваат | 31,6 | 41,0 | 36,5 | 34,9 |
| | не се согласуваат | 59,0 | 49,5 | 55,0 | 53,8 |
| ↘ обезбедуваат услуги за општествени потреби | се согласуваат | 29,8 | 37,7 | 34,2 | 34,4 |
| | не се согласуваат | 61,1 | 51,1 | 56,7 | 53,8 |
| ↘ работат на задоволување на итните општествени потреби | се согласуваат | 26,6 | 33,5 | 29,4 | 33,3 |
| | не се согласуваат | 62,1 | 53,8 | 60,2 | 52,3 |
| ↘ имаат влијание во општеството | се согласуваат | 41,4 | 48,1 | 45,1 | 48,2 |
| | не се согласуваат | 46,7 | 39,4 | 44,0 | 37,9 |
| ↘ имаат влијание во креирањето на јавните политики | се согласуваат | 42,8 | 47,3 | 47,5 | 37,9 |
| | не се согласуваат | 45,8 | 40,2 | 42,6 | 43,6 |

Ставовите за улогата на граѓанските организации значително се разликуваат помеѓу најмладите (18–29 години) и најстарите испитаници, над 65 години (табела 13). Младите многу почесто го препознаваат позитивно влијание на организациите – над половина (55,4%) сметаат дека тие имаат влијание во општеството, за разлика од само 35,8% кај најстарите. Слична е разликата и во перцепцијата за нивната улога во креирањето јавни политики (53,6% наспроти 40,2% соодветно). Младите испитаници, исто така, многу повеќе веруваат дека организациите активно придонесуваат за задоволување на итните општествени потреби – 44,0% од нив го поддржуваат овој став, во споредба со 21,6% од најстарите.

Речиси идентична е и разликата во ставот дека организациите обезбедуваат услуги за образовни, здравствени и други општествени потреби (50,0% наспроти 25,0%). Дополнително, младите се двојно повеќе уверени дека организациите се отворени и ги информираат граѓаните (47,6% наспроти 21,6%), како и дека имаат улога во едукацијата и оспособувањето на населението (48,2% наспроти 30,4%). Овие резултати укажуваат дека помладата популација има многу поизразена доверба во граѓанските организации и ја препознава нивната улога во општеството, за разлика од постарите испитаници кај кои доминираат резервирани ставови.

*Табела 13: Перцепција за улогата и влијанието на граѓанските организации според возраст на испитаниците (%)*

| Граѓанските организации: | Ниво на согласност | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Највисоко | | Најниско | |
| | Возраст | % | Возраст | % |
| ↘ се отворени за граѓаните и ги информираат граѓаните | 18-29 год. | 47,6 | 65+ год. | 21,6 |
| ↘ ги оспособуваат граѓаните (едукација и оспособување) | 18-29 год. | 48,2 | 65+ год. | 30,4 |
| ↘ обезбедуваат услуги за општествени потреби | 18-29 год. | 50,0 | 65+ год. | 25,0 |
| ↘ работат на задоволување на итните општествени потреби | 18-29 год. | 44,0 | 65+ год. | 21,6 |
| ↘ имаат влијание во општеството | 18-29 год. | 55,4 | 65+ год. | 35,8 |
| ↘ имаат влијание во креирањето на јавните политики | 18-29 год. | 53,6 | 65+ год. | 40,2 |

Регионалните податоци откриваат значајни разлики во перцепцијата на улогата на граѓанските организации (табела 14). Највисоки стапки на согласување со изјавите се забележани во Југоисточниот регион, каде 72,5% од испитаниците сметаат дека организациите имаат влијание во креирањето на јавните политики, а 70,0% дека имаат влијание во општеството. Истовремено, овој регион води и во однос на перцепцијата дека организациите обезбедуваат услуги (57,5%) и работат на задоволување на итните општествени потреби (55,0%). Источниот регион се издвојува со највисока согласност дека организациите се отворени за граѓаните и ги информираат (55,0%), а Пелагонискиот регион е прв во однос на ставот дека организациите ги оспособуваат граѓаните (65,0%).

Од друга страна, најниски нивоа на согласување се забележани во Североисточниот регион за повеќето изјави – само 12,5% дека обезбедуваат услуги, 13,8% дека ги оспособуваат граѓаните и 18,8% сметаат дека организациите се отворени и ги информираат граѓаните. Полошкиот регион, пак, бележи најниско ниво на согласност со ставот дека организациите имаат влијание во општеството (24,6%) и во креирањето на јавните политики (15,4%). Податоците покажуваат дека жителите на Југоисточниот и Источниот регион имаат најпозитивна перцепција за улогата на граѓанските организации, за разлика од Полошкиот и Североисточниот регион каде доминира скептицизмот.

*Табела 14: Перцепција улогата и влијанието на граѓанските организации според регионот на живеење (%)*

| Ставови | Ниво на согласност | | | |
|---|---|---|---|---|
| Граѓанските организации: | Највисоко | | Најниско | |
| | Регион | % | Регион | % |
| ↘ се отворени за граѓаните и ги информираат граѓаните | Источен | 55,0 | Североис-точен | 18,8 |
| ↘ ги оспособуваат граѓаните (едукација и оспособување) | Пелагониски | 65,0 | Североис-точен | 13,8 |
| ↘ обезбедуваат услуги за општествени потреби | Југоисточен | 57,5 | Североис-точен | 12,5 |
| ↘ работат на задоволување на итните општествени потреби | Југоисточен | 55,0 | Скопски | 20,9 |
| ↘ имаат влијание во општеството | Југоисточен | 70,0 | Полошки | 24,6 |
| ↘ имаат влијание во креирањето на јавните политики | Југоисточен | 72,5 | Полошки | 15,4 |

## Граѓанските организации и политичките партии

Како дел од истражувањето беше анализирана и перцепцијата на граѓаните за односот помеѓу политичките партии и граѓанските организации (графикон 6). Најголем дел, односно речиси половина од испитаниците (49,5%) сметаат дека политичките партии и лидери ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации кога тоа одговара на нивните партиски интереси, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски до спротивната страна. Една третина од нив (33,4%) веруваат дека политичките партии и лидери основаат граѓански организации зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници. Само незначително малцинство (6,9%) изразуваат позитивна перцепција, сметајќи дека партиите ги почитуваат ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во процесите на одлучување на национално и локално ниво. Овие наоди укажуваат на доминантен критички став на јавноста кон начинот на кој политичките партии се однесуваат кон граѓанските организации.

*Графикон 6: Ставови за политичките партии и граѓанските организации (%)*



Ставовите на испитаниците за односот на политичките партии кон граѓанските организации покажуваат стабилен тренд во периодот од 2010 до 2024 година (табела 15). Перцепцијата дека партиите ги почитуваат ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во процесите на одлучување останува на ниско ниво во текот на целата временска рамка– од 10,3% во 2010 до максимум од 18,8% во 2021 година, а потоа бележи нагло опаѓање на 6,9% во 2024 година.

Истовремено, ставовите кои упатуваат на недоверба доминираат во сите години. Уште во 2010 година, 51,3% од испитаниците сметале дека партиите ги присвојуваат ставовите на организациите кога им одговара, а ги осудуваат кога немаат интерес. По умерено опаѓање до 2016 година (38,3%), следи пораст и во 2024 година овој став го делат дури 49,5% од испитаниците. Слична е динамиката и кај перцепцијата дека партиите основаат организации зад кои се кријат – од 22,7% во 2010 година, преку 25,5% во 2021 година, на 33,4% во 2024 година. Овие резултати покажуваат долготрајна критичка перцепција и ниско ниво на доверба во однос на отвореноста и соработката на политичките партии со граѓанските организации.

*Табела 15: Ставови за политичките партии и граѓанските организации за периодот 2010-2024 г.*

| Политичките партии и лидери: | 2024 | 2021 | 2018 | 2016 | 2015 | 2013 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ ги почитуваат и водат сметка за ставовите на ГО и ги вклучуваат во носењето одлуки на национално и локално ниво. | 6,9 | 18,8 | 11,6 | 18,6 | 11,3 | 17,8 | 10,3 |
| ↘ кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на ГО, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна. | 49,5 | 29,0 | 32,3 | 38,3 | 24,4 | 43,5 | 51,3 |
| ↘ основаат ГО зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници | 33,4 | 25,5 | 20,9 | 25,6 | 23,9 | 20,6 | 22,7 |

Ставовите на испитаниците за односот на политичките партии кон граѓанските организации не покажуваат големи разлики според демографските карактеристики, но сепак можат да се забележат неколку поизразени отстапувања (табела 16). Разлика се јавува кај ставот дека политичките партии кога имаат партиски интерес ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна. Со овој став се согласуваат 52,6% од испитаниците што живеат во град, наспроти 44,5% од оние во руралните средини, што претставува разлика од 8,1 пп.

Кај ставот дека политичките партии основаат граѓански организации зад кои се кријат, највисока согласност има кај испитаниците на возраст од 40 до 49 години (40,5%), додека најниска е кај младите од 18 до 29 години (23,5%), што е разлика од 17 пп. Слична разлика се јавува и во однос на возраста кај ставот дека партиите ги присвојуваат ставовите – со највисока согласност кај најстарите (65+ години) – 54,9%, и најниска кај испитаниците на возраст од 40 до 49 години – 38,5%. Сепак, кај ставот дека политичките партии ги почитуваат ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во носењето одлуки, нема значајни отстапувања. Согласноста со овој став е на многу ниско ниво кај сите групи – помеѓу 3,3% и 10,8%, што дополнително го потврдува доминантно критичкиот став на граѓаните.

*Табела 16: Ставови за однсот на политичките партии кон граѓанските организации според демографски карактеристики (%)*

| Политичките партии и лидери: | 18-29 год. | 30-39 год. | 40-49 год. | 50-64 год. | 65+ год. | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Рур. | Урб. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ ги почитуваат и водат сметка за ставовите на ГО и ги вклучуваат во носењето одлуки на национално и локално ниво. | 10,8 | 9,7 | 7,8 | 3,3 | 4,4 | 7,1 | 8,7 | 6,6 | 7,1 |
| ↘ кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на ГО, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна. | 50,0 | 50,0 | 38,5 | 53,6 | 54,9 | 51,1 | 44,1 | 44,5 | 52,6 |
| ↘ основаат ГО зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници | 23,5 | 31,7 | 40,5 | 36,0 | 32,8 | 33,1 | 33,8 | 40,3 | 29,2 |

Регионалната анализа на податоците од истражувањето покажува значајни разлики во ставовите на граѓаните за односот помеѓу политичките партии и граѓанските организации (табела 17). Во однос на ставот дека партиите ги почитуваат ставовите на организациите, согласноста е највисока во Североисточниот и Полошкиот регион (10,0%), а најниска во Источниот регион (1,3%). Најголема согласност со изјавата дека политичките партии ги присвојуваат ставовите на организациите кога им одговара, а кога не – ги осудуваат, е забележана во Североисточниот регион (73,8%), додека најниска е во Полошкиот регион (38,5%). Перцепцијата дека партиите основаат организации зад кои се кријат е најизразена во Вардарскиот регион (47,5%), а најмалку е застапена во Североисточниот (6,3%).

Дополнително, при регионалната анализа на одговорите на ова прашање, особено се издвојува Североисточниот регион, каде што ставовите значително отстапуваат од националниот просек – 73,8% од испитаниците се согласуваат дека партиите ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации кога им одговара (наспроти 49,5% на национално ниво), додека само 6,3% се согласуваат дека партиите основаат организации зад кои се кријат (во однос на 33,4% на ниво на целата земја).

*Табела 17: Ставови на граѓаните за односот меѓу политичките партии и граѓанските организации, според региони (%)*

| Политичките партии и лидери: | Скоп. | Југо-ист. | Ист. | Севе-роист. | Вар-дар. | Југо-зап. | Поло. | Пела-го. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ↘ ги почитуваат и водат сметка за ставовите на ГО и ги вклучуваат во носењето одлуки на национално и локално ниво. | 7,0 | 5,0 | 1,3 | 10,0 | 2,5 | 7,0 | 10,0 | 9,2 |
| ↘ кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на ГО, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна. | 42,7 | 56,3 | 60,0 | 73,8 | 48,8 | 57,0 | 38,5 | 46,7 |
| ↘ основаат ГО зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници | 36,7 | 25,0 | 37,5 | 6,3 | 47,5 | 30,0 | 32,3 | 40,0 |

## Доверба во граѓанските организации по под-сектори на делување

Довербата во граѓанските организации варира значително во зависност од тематските области на нивното делување. Највисока доверба е забележана кон организациите кои работат на прашања поврзани со жените и родовата еднаквост (46,5%), социјална грижа и хуманитарни активности (44,1%) образованието, науката и истражувањето (43,0%) и медиумите и комуникациите (41,0%). Во овие области, процентот на граѓани кои изразуваат целосна или

делумна доверба е повисок во однос на останатите сектори, но сè уште не достигнува мнозинство. Најниска доверба е забележана кон организациите кои се активни во областа на демократијата и владеењето на правото (27,2%), меѓуетничките односи (29,3%), демократијата и владеењето на правото (27,2%), руралниот развој (30,0%) и развојот на граѓанското општество (30,5%). Истовремено, недовербата е доминантна во сите тематски области, најизразена кај организациите кои работат на прашања од областа на демократијата и владеењето на правото (68,0%) и меѓуетничките односи (64,6%).

*Графикон 7: Доверба во граѓанските организации според под-секторите на делување (%)*




Во споредба со податоците од 2021 година, довербата во граѓанските организации бележи опаѓање во сите тематски области (табела 16). Најголем пад е регистриран во сферата на демократијата и владеењето на правото, каде што процентот на граѓани кои изразиле целосна или делумна доверба се намалил од 48,1% во 2021 на 27,2% во 2024, што претставува намалување од 20,9 процентни поени. Значителен пад е забележан и кај организациите што работат на меѓуетнички односи (намалување од 17,9 пп), развој на граѓанското општество (17,7 пп), екологија (14,1 пп), човекови права (12,0 пп) и медиуми (10,2 пп). Овие податоци укажуваат на значајно намалување на довербата кон граѓанските организации во периодот од 2021 до 2024, без оглед на областа во која тие делуваат.

*Табела 18: Доверба во под-секторите на граѓански организации- 2024-2018 (%)*

| Под-сектор: | 2024 | 2021 | 2018 |
|---|---|---|---|
| Демократија и владеење на правото | 27,2 | 48,1 | 39,5 |
| Човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | 39,5 | 51,5 | 45,4 |
| Жени и родови прашања | 46,5 | 53,0 | 45,4 |
| Животна средина и природа (екологија) | 38,7 | 52,8 | 46,4 |
| Меѓуетнички односи | 29,3 | 47,2 | 33,7 |
| Социјална грижа, хуманитарни | 44,1 | 52,8 | 48,5 |
| Развој на граѓанското општество | 30,5 | 48,2 | 36,1 |
| Рурален развој | 30,0 | 46,9 | - |
| Образование, наука и истражување | 43,0 | 50,0 | - |
| Информации, комуникации и медиуми | 41,0 | 51,2 | - |

Анализата на податоците според демографските карактеристики покажува одредени разлики во довербата во граѓанските организации што работат во различни области. Кај возраста, се забележува тренд на опаѓање на довербата со зголемување на возраста на испитаниците (табела 17). На пример, довербата во организациите што работат на теми поврзани со демократија и владеење на правото изнесува 36,1% кај младите (18–29 години), а паѓа на 17,6% кај испитаниците над 65 години. Ист тренд се забележува и кај останатите области, вклучително и човекови права, екологија, образование и медиуми.

*Табела 19: Доверба во под-секторите на граѓански организации според возраст (%)*

| Под-сектори | Возраст | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 18-29 | 30-39 | 40-49 | 50-64 | 65+ |
| Демократија и владеење на правото | 36,1 | 24,7 | 31,2 | 27,6 | 17,6 |
| Човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | 45,8 | 38,7 | 40,5 | 39,3 | 34,3 |
| Жени и родови прашања | 56,0 | 50,5 | 41,0 | 44,4 | 43,1 |
| Животна средина и природа (екологија) | 51,8 | 36,6 | 42,4 | 36,0 | 29,4 |
| Меѓуетнички односи | 41,0 | 28,0 | 32,2 | 26,8 | 21,1 |
| Социјална грижа, хуманитарни | 54,8 | 45,2 | 40,5 | 42,7 | 39,7 |
| Развој на граѓанското општество | 45,2 | 24,7 | 31,2 | 31,0 | 22,5 |
| Рурален развој | 42,2 | 30,1 | 27,3 | 30,1 | 22,5 |
| Образование, наука и истражување | 51,8 | 47,3 | 42,4 | 37,2 | 39,2 |
| Информации, комуникации и медиуми | 47,6 | 40,9 | 41,0 | 32,6 | 45,6 |

Ставовите на испитаниците според етничката припадност покажуваат одредени разлики во довербата кон граѓанските организации (табела 20). Најголема разлика во перцепираната доверба во граѓанските организации се забележува кај под-секторот „жени и родови прашања", каде што 58,5% од етничките Албанци изразуваат доверба, во споредба со 44,1% од етничките Македонци (разлика од 14,3 пп). Значајни разлики се бележат и кај „животна средина" (разлика од 9,9 пп), „меѓуетнички односи" (8,9 пп) и „демократија и владеење на правото" (7,1 пп), секогаш во насока на поголема доверба кај етничките Албанци. Од друга страна, кај темите како „образование", „информации и медиуми" и „социјална грижа" се регистрирани мали разлики, под 3 пп, што упатува на слични ставови помеѓу двете етнички групи.

Во однос на местото на живеење, најголеми разлики се забележуваат кај темите „човекови права" и „жени и родови прашања", каде испитаниците од рурални средини изразуваат повисоко ниво на доверба во споредба со оние од урбани средини – со разлики од 8,4 и 12,0 пп, соодветно. Забележлива е и разлика од 5,7 пп кај темата „социјална грижа", повторно во насока на поголема доверба кај руралното население. Кај останатите области, како „животна средина", „рурален развој", „образование" и „информации и медиуми", разликите се минимални (до 2,6 пп), што укажува на релативно слични ставови без оглед на местото на живеење.

*Табела 20: Доверба во под-секторите на граѓански организации според етничка припадност и место на живеење (%)*

| Под-сектори | Етн. Мак. | Етн. Алб. | Рурално | Урбано |
|---|---|---|---|---|
| Демократија и владеење на правото | 25,7 | 32,8 | 28,9 | 26,1 |
| Човекови права | 38,1 | 43,6 | 44,7 | 36,3 |
| Жени и родови прашања | 44,1 | 58,5 | 53,9 | 41,9 |
| Животна средина и природа (екологија) | 35,7 | 45,6 | 37,1 | 39,7 |
| Меѓуетнички односи | 27,0 | 35,9 | 30,0 | 28,9 |
| Социјална грижа, хуманитарни | 44,1 | 44,1 | 47,6 | 41,9 |
| Развој на граѓанското општество | 28,9 | 33,3 | 33,9 | 28,4 |
| Рурален развој | 28,5 | 35,4 | 31,6 | 29,0 |
| Образование, наука и истражување | 43,9 | 41,5 | 43,2 | 42,9 |
| Информации, комуникации и медиуми | 40,5 | 44,1 | 39,5 | 41,9 |

Регионалната анализа покажува дека Југоисточниот регион доминира со највисоко ниво на доверба во граѓанските организации кај речиси сите општествени теми (табела 21). Највисока доверба е забележана кај темата „жени и родови прашања" (82,5%), а следат и „човекови права" и „образование, наука и истражување" (80,0%), „информации, комуникации и медиуми" (69,2%). Источниот регион се издвојува со највисока доверба во областа „развој на граѓанското општество" (62,5%), а Пелагонискиот кај „информации и медиуми" (69,2%).

Во однос на местото на живеење, најголеми разлики се забележуваат кај секторите „човекови права" и „жени и родови прашања". За „човекови права", доверба изразиле 44,7% од испитаниците од рурални средини, наспроти 36,3% од урбани – разлика од 8,4 пп. Кај „жени и родови прашања", 53,9% од руралното население имаат доверба во граѓанските организации, во споредба со 41,9% од испитаниците кои живеат во град (разлика од 12,0 пп). Забележлива е и разлика кај темата „социјална грижа", каде доверба изразиле 47,6% од руралните и 41,9% од урбаните испитаници (разлика од 5,7 пп). Кај останатите области – „животна средина", „рурален развој", „образование" и „информации и медиуми" – разликите се минимални (до 2,6 пп), што укажува на релативно слични ставови на граѓаните од рурални и урбани средини во однос на овие области.

*Табела 21: Доверба во под-секторите на граѓански организации според регион (%)*

| Под-сектори | Ниво на доверба | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Највисоко | | Најниско | |
| | Регион | % | Регион | % |
| Демократија и владеење на правото | Југоисточен | 67,5 | Североисточен | 12,5 |
| Човекови права | Југоисточен | 80,0 | Југозападен | 13,0 |
| Жени и родови прашања | Југоисточен | 82,5 | Скопски | 33,6 |
| Животна средина и природа (екологија) | Југоисточен | 67,5 | Североисточен | 20,0 |
| Меѓуетнички односи | Југоисточен | 65,0 | Вардарски | 10,0 |
| Социјална грижа, хуманитарни | Југоисточен | 70,0 | Североисточен | 30,0 |
| Развој на граѓанското општество | Источен | 62,5 | Вардарски | 15,0 |
| Рурален развој | Југоисточен | 65,0 | Североисточен | 16,3 |
| Образование, наука и истражување | Југоисточен | 80,0 | Североисточен | 21,3 |
| Информации, комуникации и медиуми | Пелагониски | 69,2 | Североисточен | 18,8 |

## Доверба во граѓанските организации од македонската дијаспора

Само една четвртина од испитаниците (25,0%) изразиле целосна или делумна доверба во граѓанските организации од македонската дијаспора (графикон 8). Од друга страна, 45,2% одговориле дека немаат доверба во вакви организации. Забележливо висок е и процентот на неопределени граѓани – речиси една третина (29,8%) од испитаниците одговориле дека не знаат или одбиле да одговорат на прашањето.

Од оние што изразиле целосна или делумна доверба во организациите формирани од македонската дијаспора, дел биле прашани дали можат да наведат конкретен пример за таква организација. Вкупно 31 од нив рекле дека не знаат да наведат ниту еден пример, а останатите спомenале имиња на личности и организации, меѓу кои и: Џорџ Атанасовски, Владо Ралев, Кичевска дијаспора, Здружение на иселеници во Швајцарија, Здружение на Македонци во Англија итн.

*Графикон 8: Доверба во граѓанските организации од дијаспората (%)*




Анализата на демографските податоци покажува дека перцепциите за граѓанските организации од македонската дијаспора се разликуваат во зависност од полот, возраста, етничката припадност и регионот.

Во однос на довербата во граѓанските организации од македонската дијаспора, мажите почесто изразиле недоверба (49,1%) во споредба со жените (41,4%), додека жените значително почесто одговориле дека не знаат или одбиле да одговорат (35,5% наспроти 23,9%). Разликите во довербата се умерени, со 27,0% од мажите и 23,1% од жените кои изразиле позитивен став.

Податоците во однос на возраста на испитаниците покажуваат тренд на растечка недоверба кон граѓанските организации од македонската дијаспора со зголемување на возраста: од 31,3% кај младите (18–29 години) до 50,5% кај возрасната група 30–39 и 50,2% кај оние од 50–64 години. Истовремено, процентот на оние кои изразиле доверба е највисок кај испитаниците од 30–39 години (29,0%), а најнизок кај возрасната група 50–64 (20,9%). Највисок процент на испитаници кои одговориле дека не знаат или не дале одговор е забележан кај младите (44,0%).

Во однос на етничката припадност, довербата во граѓанските организации од македонската дијаспора е повисока кај етничките Албанци (29,2%) отколку кај етничките Македонци (23,3%). Значајна разлика е забележана и во однос на недовербата – 48,2% од Македонците изразиле недоверба, наспроти 33,3% од Албанците. Кај Албанците, исто така, е повисок процентот на оние кои одговориле дека не знаат или одбиле да одговорат (37,4%) во споредба со Македонците (28,5%).

Регионалната распределба на ставовите покажува значителни разлики во довербата кон граѓанските организации од македонската дијаспора. Највисоко ниво на доверба е забележано во Источниот (47,5%) и Југоисточниот регион (42,5%), додека регионите со највисок процент на недоверба се Североисточниот (53,8%) и Југозападниот (56,0%).

# Прилог 1 Прашалник

## Доверба во граѓанското општество

1. Колку доверба имате во граѓанските организации кои делуваат во една од следниве области?

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Демократија и владеење на правото | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | | | | | | |
| Жени и родови прашања | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Животна средина и природа (екологија) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Меѓуетнички односи | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Социјална грижа, хуманитарни | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Развој на граѓанското општество | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Рурален развој | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Образование, наука и истражување | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Информации, комуникации и медиуми | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

2. Колку доверба имате во ГО од македонската дијаспора?

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

3. Дали знаете за личности или организација од дијаспората што придонеле за вашата заедница?

1 - Не
2 - Да
99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ)
Доколку одговоривте со ДА, Ве молиме наведете пример: _____________________

4. Колку се согласувате со следните изјави:

| | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се со-гласувам | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Граѓанските организации дејствуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации се отворени за граѓаните и ги информираат граѓаните | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации ги оспособуваат граѓаните (едукација и оспособување) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации обезбедуваат услуги за | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| општествените потреби (образование, здравство, домување) | | | | | | |
| Граѓанските организации работат на задоволување на итните општествени потреби | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации имаат влијание во општеството | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации имаат влијание во креирањето на јавните политики | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

**5. Со која од следните изјави се согласувате:**

1- Граѓанските организации се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро.
2- Граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним, на странските интереси.
99- Не знам
0- Без одговор

Наведете пример (Се наведува пример за избраната изјава) __________________

**6. Со која од следните изјави се согласувате:**

1- Граѓанските организации се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес.
2- Граѓанските организации се основани и дејствуваат за остварување на личните интереси на поединци.
99- Не знам
0- Без одговор

Наведете пример (Се наведува пример за избраната изјава) __________________

**7. Со која од следните изјави најмногу се согласувате, (еден одговор):**

Политичките партии и лидери...

1- Ги почитуваат и водат сметка за ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во носењето одлуки на национално и локално ниво.
2- Кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна.
3- Основаат граѓански организации зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници
99- Не знам
0- Без одговор

Наведете пример (Се наведува пример за избраната изјава) __________________

**8. Со која од следните изјави се согласувате:**

1- Граѓанските организации дејствуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии
2- Граѓанските организации дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии

Наведете пример (Се наведува пример за избраната изјава) __________________

# Прилог 2. Структура на примерок

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 49,3 |
| Жена | 50,7 |
| **Возраст** | **%** |
| 18-29 | 16,6 |
| 30-39 | 18,6 |
| 40-49 | 20,5 |
| 50-64 | 23,9 |
| 65+ | 20,4 |
| **Етничка припадност** | **%** |
| Македонец/ка | 73,4 |
| Албанец/ка | 19,5 |
| Турчин/ка | 2,0 |
| Ром/ка | 2,7 |
| Србин/ка | 1,4 |
| Бошњак/чка | 0,4 |
| **Религиска припадност** | **%** |
| Православна | 75,5 |
| Исламска | 24,1 |
| Католичка | 0,2 |
| Друга | 0,2 |
| Не сака да одговори | 75,5 |
| **Религиозност** | **%** |
| Религиозна личност | 90,5 |
| Нерелигиозна личност | 7,7 |
| Атеист | 0,9 |
| Не сака да одговори | 0,9 |
| **Работен статус** | **%** |
| Вработен во јавен сектор | 20,9 |
| Вработен во приватен сектор | 36,4 |
| Вработен во граѓански сектор | 0,2 |
| Студент | 5,4 |
| Ангаржиран/а во домашни обврски | 1,4 |
| Невработен | 9,8 |
| Пензионер | 23,0 |
| Земјоделец | 0,8 |
| Друго | 1,7 |
| Не сака да одговори | 0,4 |
| **Социјален статус (самоперцепција)** | **%** |
| Висока класа | 1,9 |
| Повисока средна класа | 19,5 |
| Пониска средна класа | 32,7 |
| Работничка класа | 34,8 |
| Пониска класа | 9,3 |
| Не знам | 0,6 |
| Без одговор | 1,2 |
| **Образование** | **%** |
| Незавршено основно | 1,4 |
| Основно | 7,4 |
| Средно | 57,0 |
| Вишо, високо | 30,3 |
| Магистерски студии | 3,3 |

| Место на живеење | % |
|---|---|
| Рурално (село) | 38,0 |
| Урбано (град) | 62,0 |
| | |
| **Месечни приходи** | **%** |
| 1 - 6000 ден. | 1,5 |
| 6001 – 9000 ден. | 4,1 |
| 9001 – 12.000 ден. | 4,5 |
| 12.001 – 15.000 ден. | 5,5 |
| 15.001 – 18.000 ден. | 5,8 |
| 18.001 – 24.000 ден. | 12,6 |
| 24.001 – 30.000 ден. | 11,9 |
| 30.001 – 40.000 ден. | 8,6 |
| 40.001 – 50.000 ден. | 8,2 |
| 50.001 – 60.000 ден. | 6,5 |
| 60.000+ ден. | 8,6 |
| Не знае | 6,8 |
| Одбива да одговори | 15,4 |
| **Политичка ориентација** | **%** |
| 1 - Лево | 8,4 |
| 2 | 2,9 |
| 3 | 6,7 |
| 4 | 4,3 |
| 5 | 26,9 |
| 6 | 6,3 |
| 7 | 2,9 |
| 8 | 6,3 |
| 9 | 1,8 |
| 10 - Десно | 10,7 |
| Не знае | 7,2 |
| Без одговор | 15,6 |
| **Симпатизер на политичка партија** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 27,3 |
| СДСМ | 14,2 |
| ДУИ | 5,7 |
| Други | 8,0 |
| Не сум симпатизер на политичка партија | 36,7 |
| Не знае /Без одговор | 8,1 |
| **Регион** | **%** |
| Скопски | 33,0 |
| Југоисточен | 8,0 |
| Источен | 8,0 |
| Североисточен | 8,0 |
| Вардарски | 8,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 13,0 |
| Пелагониски | 12,0 |